Република Северна Македонија

ДРЖАВЕН УПРАВЕН ИНСПЕКТОРАТ

Архивски број 04-495/23
Дата 15.12.2022г.

Врз основа на член 52 став (1) од Законот за административни службеници („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.27/2014, 199/2014, 48/2015, 154/2015, 5/2016, 142/2016, 11/2018 и Службен весник на Република Северна Македонија бр.275/2019, 14/2020, 215/2021 и бр.99/2022), директорот на Државниот управен инспекторат донесе:

# ОДЛУКА
## за избор на кандидат за унапредување по интерниот оглас бр.3/2022

1.По спроведената постапка за унапредување во Државниот управен инспекторат по интерниот оглас бр.3/2022 за унапредување на 6 (шест) административни службеници, објавен на ден 21.11.2022 година на веб страната на Државниот управен инспекторат и веб страната на Агенција за администрација, се врши избор на следниот кандидат:

-За работното место ИНС 01 01 В01 001 Советник инспектор во Одделението за вршење на инспекциски надзор северозапад, Одделение за инспекциски надзор за северозападен регион, Сектор за вршење на инспекциски надзор Запад, **се избира кандидатот:**

**-Елена Маѓеровска Паликарова**

2.Изборот на кандидатот е извршен врз основа на Финална-ранг листа на интервјуирани кандидати и предлог одлука за избор на прворангираниот кандидат на Комисијата за селекција за унапредување формирана со решение Бр.04-495/16 од 05.12.2022 година.

3.Во рок од пет дена по конечноста на одлуката, директорот на Државниот управен инспекторат ќе донесе решение за унапредување на административниот службеник од точка 1 на оваа одлука.

4.Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето.

## Образложение

Државниот управен инспекторат, по добиеното Известување за обезбедени финансиски средства Бр.18-8206/2 од 06.10.2022 година, од Министерството за финансии, на ден 21.11.2022 година објави интерен оглас бр.3/2022 за унапредување на 6 (шест) административни службеници, на веб страната на Државниот управен инспекторат и на веб страната на Агенција за администрација.

На објавениот интерен оглас бр.3/2022 за унапредување на 6 (шест) административни службеници распоредени на 4 работни места, за работното место под реден број 2:Советник инспектор во Одделението за вршење на инспекциски надзор северозапад, Одделение за инспекциски надзор за северозападен регион, Сектор за вршење на инспекциски надзор Запад, се пријавил само 1 кандидат.


Државен управен инспекторат
Република Северна Македонија
Ул. „Даме Груев " бр. 5,кат 1
Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3225 949
www.duinspektorat.mioa.gov.mk

Република Северна Македонија

ДРЖАВЕН УПРАВЕН ИНСПЕКТОРАТ

На ден 09.12.2022 година, Комисијата за селекција за унапредување формирана со Решение бр.04-495/16 од 05.12.2022 година, спроведе административна селекција, односно изврши увид во доставената пријава и приложените докази на единствено пријавениот кандидат за работното место под реден број 2 од интерниот оглас бр.3/2022 и за истото изготви Записник од административна селекција за интерен оглас бр.3/2022, Бр.04-495/18 од 12.12.2022 година, со прилог Список на уредни и неуредни кандидати и Ранг листа на кандидати кои продолжуваат на интервју.

На ден 14.12.2022 година Комисијата за селекција за унапредување, во просториите на Државниот управен инспекторат спроведе интервју за работното место под реден број 2, со единствено пријавениот кандидат кој како уреден ја помина административната селекција и уредно беше поканет на интервју, за што состави Записник од работата на Комисијата за селекција за унапредување на административен службеник заради спроведување на интервју Бр.04-495/20 од 14.12.2022 година со прилог Списоци на кандидати со кои е спроведено интервјуто со освоени бодови од интервјуто и Финална ранг листа на интервјуираните кандидати и предлог одлука за избор на прворангираниот кандидат.

По спроведената целокупна постапка согласно Законот за административни службеници, Комисијата за селекција за унапредување до директорот на Државниот управен инспекторат достави Записник од административна селекција за интерен оглас бр.3/2022, Бр.04-495/18 од 12.12.2022 година, со прилог Список на уредни и неуредни кандидати и Ранг листа на кандидати кои продолжуваат на интервју и Записник од работата на Комисијата за селекција за унапредување на административен службеник заради спроведување на интервју Бр.04-495/20 од 14.12.2022 година со прилог Список на кандидати со кои е спроведено интервјуто со освоени бодови од интервјуто и Финална ранг листа на интервјуираните кандидати и предлог одлука за избор на прворангираниот кандидат.

Согласно член 52 став 1 од Законот за административни службеници, во рок од три дена од добивањето на предлогот секретарот, односно раководното лице на институцијата во која не се назначува секретар, е должно да донесе одлука за избор.

Согласно член 52 став 6 од Законот за административни службеници, секретарот односно раководното лице на институцијата во која не се назначува секретар во рок од пет дена по конечноста на одлуката, донесува решение за унапредување на административниот службеник.

Врз основа на наведеното, директорот на Државниот управен инспекторат одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

**ПРАВНА ПОУКА:** Против одлуката незадоволниот кандидат има право во рок од осум дена да поднесе жалба до Агенцијата за администрација–Комисија за одлучување по жалби и приговори на административните службеници во втор степен.

Директор,
Кети Василеска

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА • ДРЖАВЕН УПРАВЕН ИНСПЕКТОРАТ • INSPEKTORATI SHTETËROR ADMINISTRATIV • СКОПЈЕ • SHKUP

ДОСТАВЕНО ДО:

-кандидатот;


Државен управен инспекторат
Република Северна Македонија

Ул. „Даме Груев " бр. 5,кат 1
Скопје
Република Северна Македонија

+389 2 3225 949
www.duinspektorat.mioa.gov.mk